„Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одеше по нужда, јас и уште едно момче на мои години носевме мешина со вода и стап налик на копје, па тој се чистеше со вода.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одеше по нужда, јас и уште едно момче на мои години носевме мешина со вода и стап налик на копје, па тој се чистеше со вода.“

[متفق عليه] [صحيح]

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, објаснува дека секогаш кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, излегувал за извршување на природната потреба, тој и едно момче на негова возраст го следеле. Со себе носеле стап со наострен врв налик на врв на копје – кој служел како преграда за намаз или за закачување покривка што му обезбедувала приватност – и мал кожен сад со вода. Откако Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ќе завршел, тие му ја подавале водата за да се исчисти со неа.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3030